ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1Бр. 18/26-41*
*20.08.2026*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2026 година со Одлука бр. 08-8839/1 од 29.12.2025 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.21), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

**ЈАВЕН ПОВИК**

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета**

**по изготвен**

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. „Брегалничка“ и новопланирани улици од ДУП за нас. Балканска)

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- од север опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на планирана магистрала М-5 Штип-Кочани согласно ГУП на град Штип

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 3,7ха.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. „Брегалничка“ и новопланирани улици од ДУП за нас. Балканска) ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.




Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 25 август 2026 год (вторник) и истиот ќе трае до 9 септември 2026 год (среда).

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. „Брегалничка“ и новопланирани улици од ДУП за нас. Балканска) ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 10 септември 2026 (четврток) до 9 октомври 2026 год (петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 24 септември (четврток) 2026 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Изработил:
Драгана Штерјова, дна
Контролирал: Раководител на одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина, Дипл.инж.арх. Душица Узунова
*Одобрил: Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*